СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ
Дата 18-980/10
Арх.бр. 25-02-2026

**Извештај**
**за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Општина Гази Баба за 2025 година**

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животнага средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.18-1043/1 од 04.03.2025 година спроведе надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Општина Гази Баба. Надзорот е извршен врз основа на прашалник кој претходно беше доставен до надлежните органи од страна на министерството, а потоа пополнет и доставен од страна на Општина Гази Баба.

Во областа на спроведувањето на Законот за инспекциски надзор во животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22 и 3/25), може да се набројат неколку точки согласно одговорите во прашалникот, имено:

1. Согласно Актот за систематизација, Инспекторатот на општина Гази Баба е организиран како Одделение за комунална инспекциски надзор и инспекциски надзор во животната средина и има предвидени едно работно место Советник инспектор за животна средина кое е пополнето;
2. Не е воспоставена заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во областа на животната средина со други општини;
3. Општина Гази Баба нема подготвено Предлог Програма за инспекциски надзор во животната средина, а од страна на ДИЖС не е побарана Предлог Програмата за 2025 година. Ова укажува на фактот дека не е постапено по член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина според кој директорот на ДИЖС треба да ја донесе Програмата врз основа на Предлог-Програми подготвени и доставени од општините и од Градот Скопје.
4. Општина Гази Баба има подготвен Годишен План за инспекциски надзор согласно членот 33 од Законот за инспекциски надзор, истиот не е доставен до ДИЖС кој согласно член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина треба врз основа на поединечно подготвените Годишни Планови од страна на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје да подготви Годишен План за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија. Општина Гази Баба нема


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

постапено по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно Годишниот План го нема доставено на мислење до МЖСПП.

5. Општината делумно има обезбедено соодветна опрема за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот, а за увид на терен се користат службените возила на општината. Има обезбедено соодветна опрема за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот, а нема осигурување за инспекторите од ризици настанати при работа.
6. При вршење на инспекциски надзор овластените инспектори за животна средина не користат листи на проверка;
7. Од страна на инспекторатот за животна средина за 2024 година извршени се вкупно 52 инспекциски надзори;
8. Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека субјектот не се придружува кон законите и другите прописи, техничките и другите прописи, стандарди и останати акти и покрај определувањето на рокот до кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочка постапка пред надлежен орган;
9. Инспекторите на општина Гази Баба имаат потреба од обуки од областа на законот животната средина, прекрешочна постапка;
10. Општина Гази Баба нема тешкотии при примена на инспекциската постапка при постапувањето по одредени предмети.

**Согласно член 43 (3) од Законот за инспекциски надзор во животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги дава следните укажувања, насоки и мерки за понатамошни постапувања:**

**-Да постапи согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор односно Предлог Програма за инспекциски надзор во животната средина да достави до Државен инспекторат за животна средина <u>(рок за постапување – 1 месец).</u>**

**-Да постапи по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно Годишниот План да го достави на мислење до МЖСПП и по член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина да го достави до ДИЖС <u>(рок за постапување – 1 месец).</u>**

**-Општината да обезбеди осигурување за инспекторите од ризици настанати при работа согласно член 19 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (рок за постапување – 6 месеци)**

**-При вршење на инспекциски надзор овластените инспектори за животна средина да започнат со примена на листи на проверка, согласно член 35 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (рок за постапување – 1 месец)**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ
Дата..............................
Арх.бр.............................

**Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина општина Гази Баба треба да постапи по горенаведените укажувања и по изминување на дадениот рок да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање.**

Скопје, 16.02.2026 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:

Тања Кироска Донски ____________________
Lumni Jashari ____________________


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk